**1111.**

Врз основа на член 34 став (8) од Законот за Централен регистар на население („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 275/19), министерот за информатичко општество и администрација донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ И НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на записникот за извршен надзор и на прекршочниот платен налог.

Член 2

Записникот за извршен надзор се пополнува на образец кој се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на записникот за извршен надзор од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за правно лице- друг субјект се издава на образец кој се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прекршочниот платен налог за раководното лице на надлежниот орган или друг субјект се издава на образец кој се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Прекршочниот платен налог за овластеното лице на надлежниот орган или на друг субјект се издава на образец кој се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08/1-1374/3
16 март 2020 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
**Дамјан Манчевски,** с.р.